D. 30-6-69

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2155 Централна правосудна књижница
Врховног содишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр. 9

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 20 јуни 1969
Скопје
Број 24 Год. XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 1,60 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16

**226.**

Уставниот суд на Македонија одлучувајќи по предлогот на Собирот на работните луѓе на Погонот „Плачковица“ од Виница при Шумско-индустрискиот комбинат „Борис Кидрич“ од Кочани, за заштита на правото на одделување од составот на Комбинатот, по одржаната расправа од 30. мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА предлогот на Собирот на работните луѓе на Погонот „Плачковица“ од Виница за заштита на правото на одделување на Погонот од составот на Шумско-индустрискиот комбинат „Борис Кидрич“ од Кочани, што е одбиено со Одлуката на Централниот работнички совет на Комбинатот бр. 02-10210 од 11. XI. 1968. година, и заклучокот на мешаната арбитража бр. 132/68 од 31. I. 1969. година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СР Македонија“ и во Шумско-индустрискиот комбинат „Борис Кидрич“ во Кочани и во погонот „Плачковица“ во Виница на начинот предвиден со Статутот на Комбинатот за објавување општи акти.

3. Собирот на работните луѓе на Погонот „Плачковица“ од Виница му поднесе предлог на Уставниот суд на Македонија за поведување постапка за заштита на правото на одделување на Погонот од составот на Комбинатот што е одбиено со Одлуката на Централниот работнички совет бр. 02-10210 од 11. XI. 1968. година, и со заклучокот на мешаната арбитража бр. 132/68 од 31. I. 1969. година. Собирот на работните луѓе на погонот смета дека се исполнети условите за одделување на Погонот од составот на Комбинатот бидејќи постојат економски услови што овозможуваат Погонот самостојно да ја обавува стопанската дејност а со одделувањето на погонот не се отежнува обавувањето на дејноста за која е основан Комбинатот.

4. Уставниот суд на Македонија одлучи да не го усвои предлогот.

Со Уставот на СФР Југославија и со Уставот на СР Македонија е утврдено правото на работните луѓе да одлучуваат за одделување на дел од работната организација во одделна самостојна организација.

Ова право, според Основниот закон за претпријатијата, може да се оствари под условите од членот 215 и тоа: ако постојат економски услови организацијата на здружениот труд да може самостојно да ја обавува својата дејност а со одделувањето да не се отежнува обавувањето на дејноста за која е основано претпријатието. Постоењето на овие услови го утврдува работничкиот совет на работната организација, кој што, според одредбата на став 1 од член 216 од Основниот закон за претпријатијата, одлучува за одделување на организацијата на здружен труд од составот на работната организација.

Централниот работнички совет на Комбинатот го одбил барањето на работните луѓе на Погонот за одделување бидејќи утврдил дека не се исполнети условите од членот 215 од Основниот закон за претпријатијата.

Мешаната арбитража, која што посредувала во спорот меѓу Комбинатот и Погонот, зазела став истоветен со ставот на Централниот работнички совет на Комбинатот бидејќи две третини од шумите со кои што стопанисува Комбинатот се наоѓаат на подрачјето на кое што стопанисува Погонот а доколку се одели Погонот Комбинатот не би можел да пружи обезбедувања по обврските од кредитите.

Со оглед на тоа што Централниот работнички совет на Комбинатот и мешаната арбитража утврдиле дека не се исполнети условите за одделување на Погонот во самостојна стопанска организација, Уставниот суд на Македонија застана на мислење дека со одлуката на Централниот работнички совет на Комбинатот, со која не е усвоено барањето на Собирот на работните луѓе на Погонот за одделување, и со заклучокот на мешаната арбитража не е повредено правото на работните луѓе на Погонот утврдено со Уставот.

При одлучувањето Уставниот суд ја имаше предвид одредбата од ставот 1 на член 4 од Законот на шумите според која, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија образува шумскостопански подрачја кои што во целост ги доделува на стопанисување на една од постојните шумскостопански организации. Извршниот совет не донел одлука за образување шумскостопански подрачја а според одредбата на членот 61 од Законот, до донесување на таква одлука со шумите и шумските земјишта стопанисуваат работните организации кои со нив стопанисувале до денот кога Законот влегол во сила.

На основа изложеното се донесе оваа одлука.

Р. бр. 16/69
30. мај 1969. година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Перо Коробар**, с. р.

**227.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја согласноста на член 7 од Одлуката за процена и рангирање на работните места во Општинскиот суд во Охрид С. бр. 14/65 од 29 декември 1965 година со Уредбата за приправничкиот стаж и стручните испити на работниците во органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 24/68), по јавната расправа одржана на 30 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

1. Се укинува член 7 од Одлуката за процена и рангирање на работните места во Општинскиот суд во Охрид С. бр. 14/65 од 29 декември 1965 година, во делот што се однесува на приправничкиот стаж на раководителот и пом. раководителот на одделение.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“, како и во Општинскиот суд во Охрид на начин на кој се објавуваат општите акти на Судот.

3. Уставниот суд на Македонија по сопствена иницијатива поведе постапка за оценување согласноста на член 7 од Одлуката за процена и рангирање на работните места во Општинскиот суд во Охрид С. бр. 14/65 од 29 декември 1965 година, во делот што се однесува на приправничкиот стаж на раководителот и пом. раководителот на одделение, со член 4 од Уредбата за приправничкиот стаж и стручните испити на работниците во органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 24/68).

Во член 7 од означената одлука е определено дека работник што засновал работен однос како стручен соработник, раководител на одделение или пом. раководител на одделение, а нема работен стаж од 6 месеци во општински или окружен суд, се смета за приправник и дека толку време по стапувањето на работа ќе прима 10% помалку од определената месечна акontација на личниот доход.

Во член 4 од Уредбата за приправничкиот стаж и стручните испити на работниците во органите на управата е определено дека приправничкиот стаж за приправниците со висока, виша и средна школска подготовка изнесува една година. Според член 20 од означената уредба нејзините одредби се однесуваат и на работниците на работа во судовите, доколку со закон или друг пропис не е поинаку одредено. Спрема тоа, одредбите на уредбата се однесуваат на сите работници со висока, виша и средна школска подготовка, што се на работа во судовите, освен за стручните соработници, чиј приправнички стаж е уреден во членовите 57 и 58 од Основниот закон за судовите од општа надлежност („Службен лист на СФРЈ" бр. 7/65).

4. Оценувајќи ја согласноста на член 7 од означената одлука со Уредбата за приправничкиот стаж и стручните испити на работниците во органите на управата, Уставниот суд на Македонија утврди дека одредбата со која се определува должината на приправничкиот стаж на работниците на работните места раководител и пом. раководител на одделение не е во согласност со член 4 од уредбата.

Според член 19 од уредбата, органите на кои таа се однесува се задолжени своите акти да ги усогласат со нејзините одредби во рок од два месеца од денот на нејзиното влегување во сила. Уредбата е објавена во „Службен весник на СРМ" бр. 24 од 3 јули 1968 година и влегла во сила осмиот ден од нејзиното објавување, односно на 11 јули 1968 година. Спрема тоа, општите акти на органите на кои се однесуваат одредбите на уредбата требаше да бидат усогласени со нејзините одредби најдоцна до 11 септември 1968 година.

Со оглед на тоа што Општинскиот суд во Охрид одредбата на член 7 од означената одлука не ја усогласил со член 4 од Уредбата во срокот определен во членот 19 од истата уредба, Уставниот суд на Македонија одлучи како во точка 1 на оваа одлука.

У. бр. 46/66
30 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Перо Коробар**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје се води постапка во правната работа на тужителката Петрана Маџарова од Титов Велес, ул. „Свети Климент" бр. 9, против тужениот Милан Величковиќ од Крагујевац, односно Скопје, ул. „515" бр. 1, сега со непознато место на живеење, за развод на бракот.

Се задолжува тужениот Милан Величковиќ во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави во судот или да ја достави својата точна адреса. По овој рок на тужениот ќе му биде поставен старател кој ќе ги застапува неговите интереси во спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1065/68 од 7. V. 1969 година. (41)

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Котевска Александрова Фанија од Битола, ул. „Нова населба" „Бадем Балари" број 10, поднесе тужба во овој суд за развод на бракот против Котевски Александар од Битола, дограмаџија, сега во неизвесност. Бидејќи тужениот е во неизвесност се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави или да одреди свој застапник. Во противно на тужениот ќе му се одреди застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 245/69. (38

---

Паункоски Богоја од Охрид, ул. „Радојца Новичиќ" бр. 13, поднесе тужба во овој суд за развод на бракот проти Паункоска орданка од Охрид, сега во неизвесност. Бидејќи тужената е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" се јави или да одреди свој застапник. Во противно на истата ќе ѝ биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 27/69. (39)

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I

Општинскиот суд Скопје I, ги известува сите заинтересирани физички и правни лица, дека во спорот заведен по тужбата на Симо Стоичков од Скопје, с. Бутел, ул. „111" бр. 12, против тужениот Креизи Неби, со непозната адреса, за извршување на договор, заведен при овој суд под П. бр. 4008/68, на тужениот за привремен застапник го одредува лицето Петар Сердјуг, адвокат од Скопје. Привремениот застапник ќе ги застапува интересите на тужениот во постапката се додека тужениот или неговиот полномошник не се појават пред судот, односно додека органот на старателството не го извести судот дали поставил старател.

Од Општинскиот суд Скопје I, П. бр. 4008/68. (40)

---

При Општинскиот суд Скопје I се води постапка по предлогот на Фанија Мартиновиќ од Битола, за докажување на загубено решението за вонредно унапредување во повисок платен разред во 1962 година како учителка во Осумгодишното училиште „Његош" во Скопје.

Се поканува секое лице што го поседува или нешто знае за загубеното решение, да јави во судот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ".

Од Општинскиот суд Скопје I, Р. бр. 692 од 18. VI. 1969 година. (46)

## РЕГИСТАР НА УСТАНОВИТЕ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 28. XI. 1967 година, рег. бр. 13/67, е запишана под име: Основна заедница на образованието, со седиште во Крушево. Предмет на работењето на заедницата е да се грижи за обезбедувањето на средства за вршење на дејностите на образованието и воспитувањето утврдени со програмата на заедницата на образованието; да управува со средствата за образование што ѝ припаѓаат; да определува критериуми и мерила за распределбата на средствата за образование и да врши распределба на тие средства по одделни образовно-воспитни дејности; да соработ-

тува со други заедници на образованието; дава мислење за основање нови установи за образование и воспитување чија дејност ќе се финансира од средствата на заедницата на образованието; соработува со општествено-политички заедници и работни организации во донесувањето на плановите и програмите за развиток на образованието и воспитувањето, во определувањето на потребите од стручни кадри и во други прашања од значење на развитокот на образованието и воспитувањето; врши и други работи определени со закон и со статутот на Заедницата на образованието.

Претседател на заедницата е Ставре Андрески.

Заедницата е основана од Основното училиште „Н. Карев" — Крушево; Централното основно училиште „М. Ефтимов" с. Д. Дивјаци; Централното основно училиште „Лирија" — с. Житоше; Централното основно училиште „Кирил и Методи" с. Бучин; Гимназија „Наум Наумоски — Борче" — Крушево; Трикотажно-конфекциското претпријатие „Илинденка" — Крушево; Дрводелското претпријатие „Единство" — Крушево; Трговското претпријатие „Универзал" — Крушево; Здравствената станица со стационар — Крушево; Народната банка — Филијала — Крушево; Инвестиционо-комунална банка — Филијала — Крушево; Собранието на општината — Крушево; Земјоделското стопанство „Мише Ефтимов" — Крушево; Заедницата на културните установи (Работнички универзитет) „Коча Миленку", Крушево, со одлука од Основачкото собрание од 15. VI. 1967 година.

Потпишувањето ќе го обавуваат Ставре И. Андрески, претседател, Крсто А. Топузоски и Благоја Т. Здравески. Потписот е колективен.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 24/67. (61)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 31. V. 1967 година, страна 162, реден број 4, е запишано основањето на Погон за патен сообраќај при Управата за комунални работи, со седиште во Св. Николе.

Погонот ќе ги обавува следните дејности:

1.Одржување на локалните патишта на територијата на Општината Св. Николе.

2. Јавен превоз на патници во линијскиот сообраќај на локалните релации на територијата на Општината Св. Николе.

3. Јавен превоз на стоки во слободен патен сообраќај на локалните релации на територијата на Општината Св. Николе.

Впишувањето на Погонот е извршено во регистарот врз основа на одлуката бр. 241 од 19. V. 1967 година на Советот на работната заедница на установата и потврдата бр. 06-1224 од 20. V. 1967 година на санитарната и сообраќајната инспекција на Општинското собрание — Св. Николе и чл. 6, став 2, од Основниот закон за установите.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 26/67. (109)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 373, страна 527, книга II, е запишано следното: Се брише од регистарот на установите Институтот за маслодајни семиња — Кавадарци, бидејќи со одлуката бр. 01-842 од 28. X. 1967 година на работничкиот совет, согласноста — решението бр 01-8790 од 16. XII. 1967 година на Собранието на општината Кавадарци и елаборатот за економска оправданост, се дели на две работни организации под име: Земјоделска опитна станица и Земјоделско стопанство „Слога" село Манастирец, Кавадарско.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 107 од 20. XII. 1967 година. (424)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 28. X. 1968 година, рег. бр. 14/65 е запишано следното: Досегашниот в. д. директор Кирил Кузмановски е поставен за директор на Тутунското училиште „Народен Херој Орде Чопела" од Прилеп.

Се овластува досегашниот в. д. директор Кирил Кузмановски, сега директор, да го потпишува училиштето.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 37/68. (2141)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 27. III. 1968 година 179, реден број 1, е запишано основањето на Основното училиште „Методи Митевски — Брицо", по пат на издвојување од Централното основно училиште „Борис Кидрич" од село Тработивиште Делчевско, со седиште во село Разловци, Делчевско. Предмет на работењето на училиштето е обавување просветна дејност.

В. д. директор на установата е Благој Ѓорѓиев Марковски, кој е овластен да ја потпишува и претставува истата.

Одделувањето на Основното училиште „Методи Митевски — Брицо" — од село Разловци, во самостојно училиште, е запишано во регистарот врз основа одлуката бр. 01-440 од 31. X. 1967 година на Централното основно училиште „Борис Кидрич" од село Тработивиште и решението бр. 01-3714/1 од 23. XI. 1967 година на Собранието на општината Делчево.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 9/68. (1463)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 16. I. 1968 година, рег. бр. 14/65, е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Ѓорѓи Георгиевски директор на Тутунското училиште „Народен херој Орде Чопела" од Прилеп.

Се овластува Кирил Кузмановски, в. д. директор да го потпишува училиштето.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 2/68. (557)

---

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 17. X. 1968 година, рег. бр. 9/61, книга I е запишано следното: Се проширува дејноста на Претпријатието за ремонт и поправки на земјоделски машини и орудија „Механика" од Битола, уште со вршење промет со следните стоки: готови возила и резервни делови, земјоделска механизација, гуми, нафтени деривати и други технички стоки, на големо и мало.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката на работничкиот совет на Претпријатието за ремонт и поправки на земјоделски машини и орудија „Механика" од Битола од 14. III. 1968 година и решението бр. 08-33/7992/1/229 од 15. X. 1968 година, на Пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 479/68. (2158)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 10. X. 1968 година, рег. бр. 7/59, книга I е запишано следното: Занаетчиското кошничарско дрвоплетарско претпријатие „Кајмакчалан" од Битола, престана со својата работа и се брише од регистарот на стопанските организации кај овој суд.

Оваа промена е извршена со решението бр. 3-10330/5 од 20. V. 1968 година на ликвидационата комисија на Собранието на општината Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 468/68. (2152)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 15. X. 1968 година, рег. бр. 80/55 книга I, е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Вангел Тренчески — ликвидатор на Земјоделската задруга „Извор" с. Мренога, во редовна ликвидација.

Се овластува Селвијоски Никола ликвидатор, да ја потпишува задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 473/68. (2137)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 8.VIII.1968 година, рег. бр. 32/55, книга I е запишано следното: Се проширува дејноста на Земјоделската задруга „Гоце Делчев" с. Будаково и Трап, уште со: трговија на мало со мешана индустриска стока, стоки за прехранбени артикли и предмети за кукна потреба, продажба на железна и метална стока, велосипеди, машини за шиење и прибор, деликатесни производи и производи на база на шеќер и какао.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 160 од 20.VII.1968 година од задружниот совет на Земјоделската задруга „Гоце Делчев" — село Будаково и Трап и на решението бр. 08-523/1 од 3. VII. 1968 година, на Пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 371/68. (1960)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 28. VIII. 1968 година, рег. бр. 152/55, книга I е запишано следното: Се проширува дејноста на Керамидната индустрија „КИБ" село Кукуречани, Битолско, уште со: вршење на трговска дејност и изведување на градежни работи и услуги. Трговијата ќе се обавува, на големо и мало, и тоа по гранките 121-1, 121-2, 121-3, 121-8, 412-81, 412-1, 412-2, 418-1, 611-2, 611-25 и 612-25, како и обавување на сообраќај, односно вршење на услуги со сопствени превозни средства на нивните производи.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 02-267 од 26. VIII.1968 година на работничкиот совет на Керамидната индустрија „КИБ" — с. Кукуречани, и решението бр. 08-33/197 од 22.VIII. 1968 година, на пазарниот инспектор на Собранието на општината Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола. Фи. бр. 411/68. (1957)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. VIII. 1968 година, рег. бр. 158/55, книга I е запишано следното: Се менува фирмата на Откупната станица за лековити растенија и земјоделски производи — овошје и зеленчук „Алкалоид — Билка" од Битола, на „Алкалоид Билка" — индустрија за фармацеутски, хемиски производи и промет со лековити растенија — Скопје и гласи: Откупна станица за откуп на лековити растенија и земјоделски производи „Алкалоид" — Битола на Индустријата за фармацеутски, хемиски производи и лековити растенија „Алкалоид" од Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 366/68. (1956)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30.VII.1968 година, рег. бр. 14/63, книга I е запишано следното: Се проширува дејноста на Земјоделскиот комбинат „Пелагонија" од Битола, уште со споредната дејност — вршење на услуги со колските ваги и на други лица.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 287/4 од 21.II.1965 година на работничкиот совет на ЗИК „Пелагонија" од Битола, и потврдата бр. 08-2213/1 од 19.VI.1968 година на Одделението за стопанство и план на Собранието на општината Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 332/68. (1914)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 8.VIII.1968 година, рег. бр. 32/55, книга I е запишана под фирма: Продавница во село Долно Чарлија, на Земјоделската задруга „Гоце Делчев" од село Буково и Трап. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на мешани индустриски стоки, прехранбени продукти и предмети за кукни потреби, железни и метални стоки и разни деликатесни прехранбени продукти.

Раководител на продавницата е Димовски Душан.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Гоце Делчев" од с. Будаково и Трап, со одлуката бр. 160 од 20.VII.1968 година на задружниот совет, и решението бр. 10-56/49 од 18.VI.1968 година, на санитарниот инспектор на Собранието на општината Битола.

Потпишувањето ќе го врши истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 346/68. (1936)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 15.VII.1968 година, рег. бр. 33/66, книга I е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Алтипармаковски Вангел, директор на Монтажно-изолатерската задруга „Југомонтажа" од Битола.

Се овластува Благој Поповски работник во истата задруга, да ја потпишува задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 325/68. (1710)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 17. VI. 1968 година, рег. бр. 109/55, книга I е запишано следното: Се проширува дејноста на Земјоделската задруга „Светлост" од с. Трновци уште со вршење на услуги со автобусот — сопственост на задругата за своите задругари, кооперанти и др.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 1 од 1. I. 1968 год. на задружниот совет на Земјоделската задруга „Слобода" с. Трновци и на потврдата бр. 08-1025/1 од 27.II.1968 година, на Одделението за стопанство и план на Собранието на општината Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 266/68. (1687)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 10. VI. 1968 година, рег. бр. 71/55, книга I е запишана под фирма: Продавница во село Граиште, на Земјоделската задруга „Единство" од село Вардино. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мешана индустриска стока.

Раководител на продавницата е Петрески Тренче.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Единство" од село Вардино, со одлуката од задружниот совет од 1.III.1968 година и на решението бр. 09-2613/1 од 8. I. 1968 година, на Одделението за стопанство на Собранието на општината Демир Хисар.

Потпишувањето ќе го врши истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 234/68. (1669)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 10. VI. 1968 година, рег. бр. 1/65, книга I е запишана под фирма: Продавница во Битола, месност Железничка станица, на Трговското претпријатие „Разнопромет“ од Битола. Предмет на работењето на продавницата е промет на прехранбени производи, животни и куќни потреби.

Раководител на продавницата е Тоде Димовски.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Разнопромет“ од Битола, со одлуката од 21.IX.1967 година на работничкиот совет и решението бр. 08-33/103/3227 од 24.IV.1968 година, на Пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Потпишувањето ќе го врши истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 230/68. (1667)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 10. VI. 1968 година, рег. бр. 1/65, книга I, е запишана под фирма: Продавница „Белград“ во Битола, на ул. „Кузман Јосифовски-Питу“ бр. 5, на Трговското претпријатие „Разнопромет“ од Битола. Предмет на работењето на продавницата е продажба на прехранбени стоки и предмети за куќна потреба.

Раководител на продавницата е Вангеловски Благој.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Разнопромет“ од Битола, со одлуката бр. 0101 од 17.II.1968 година на работничкиот совет, и решението бр. 10-56/44 од 10. V. 1968 година на санитарниот инспектор на Собранието на општината Битола.

Потпишувањето ќе го врши истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 228/68. (1666)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 20.XI.1967 година, рег. бр. 7/61, книга I е запишано следното: Се проширува дејноста на Претпријатието за промет со кожи и волна „Црна Река“ од Битола, уште со промет на големо и мало со следните видови стоки: производи од пластика, гума и гумени производи, чевларски прибор и потрошен чевларски материјал, крзнена и кожна конфекција, кожна галантерија и скај.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката на работничкиот совет на Претпријатието за промет со кожи и волна „Црна Река“ од Битола и на решението бр. 03-8074/1 од 16.X.1967 година, на Пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 366/67. (85)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 7.XII.1967 година, рег. бр. 100/55, книга I е запишана под фирма: Продавница во Битола, ул. „Босна“ бр. 3, на Трговското претпријатие „Јагода“ од Битола. Предмет на работењето на продавницата е продажба на производи врз база на шеќер и какао, бели печива, деликатесни производи, слаткарски и млекарски производи.

Раководител на продавницата е Стево Гуржовски.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Јагода“ од Битола, со одлуката на работничкиот совет од 21.XI.1967 година и решението бр. 03-22/228 од 28.XI.1967 година, на Пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Потпишувањето ќе го врши истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 383/67. (343)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 7.XII.1967 година, рег. бр. 71/55, книга I е запишана под фирма: Продавница во село Света, на Земјоделската задруга „Единство“ село Вардино. Предмет на работењето на продавницата е промет со мешани стоки.

Раководител на продавницата е Томе Ристевски.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Единство“ с. Вардино, со одлуката бр. 100 од 31.III.1967 година, на задружниот совет, и решението бр. 03-1087/1 од 26.IX.1967 година, на Одделението за стопанство и финансии на Собранието на општината Демир Хисар.

Потпишувањето ќе го врши истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 381/67. (345)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 9.XII.1967 година, рег. бр. 14/63, книга I е запишано следното: Се проширува дејноста на Земјоделско-индустрискиот комбинат „Пелагонија“ од Битола, уште со стопанисување со станбени згради на комбинатот.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 727/7 од 12.V.1967 година, на работничкиот совет на ЗИК „Пелагонија“ од Битола и потврдата бр. 03-4824/1 од 20.VI.1967 година, на Одделението за стопанство и планирање на Собранието на општината Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 336/67. (359)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 24. I. 1968 година, рег. бр. 3/68, книга I е запишана под фирма: Продавница број 2 во Битола, ул. „Цар Самоил“ бр. 12, на Заштитната работилница за професионална рехабилитација и запослување на глуви лица „Светлост“ од Скопје. Предмет на работењето на продавницата е продажба на текстилна галантерија.

Раководител на продавницата е Славко Кокуловски.

Продавницата е основана од Заштитната работилница „Светлост“ од Скопје, со одлуката бр. 2579 од 1. XI. 1967 година, на Советот и решението бр. 03-22/229 од 28. XI. 1967 година на Пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Потпишувањето ќе го врши истото лице што ја потпишува и Заштитната работилница.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 40/67. (561)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. I. 1968 година, рег. бр. 14/55, книга I, е запишана под фирма: Продавница во Битола, ул. „Цане Василев“ бр. 21, на Земјоделската задруга „Пролетер“ с. Крклино. Предмет на работењето на продавницата е промет со прехранбени артикли, деликатесни производи, млеко и млечни производи, производи на база на шеќер и какао, алкохолни и безалкохолни производи, овошје и зеленчук и куќни потреби.

Раководител на продавницата е Јосифовски Димко.

Земјоделската задруга „Пролетер“ с. Крклино, со одлуката бр. 15 од 12. I. 1968 година на задружниот совет, и решението бр. 03/8560/1 од 2. XI. 1967 година, на Пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Потпишувањето ќе го врши истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 22/68. (565)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. I. 1968 година, рег. бр. 14/55, книга I е запишано следното: Се проширува дејноста на Земјоделската задруга „Пролетер“ с. Крклино, Битолско, уште со промет со прехранбени артикли, деликатесни производи, млеко и млечни производи, производи на база на шеќер и какао, алкохолни и безалкохолни пијалоци, овошје и зеленчук и куќни потреби.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 15 од 12. IV. 1967 година на задружниот совет на Земјоделската задруга „Пролетер“ — с. Крклино, и решението бр. 08-33/10 од 25. I. 1968 година, на Пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 21/68. (591)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 15. IV. 1968 година, рег. бр. 13/68/I е запишана под фирма: Продавница број 1 „Ново Скопје“ — Битола, ул. „Мечкин Камен“ бр. 9, на Работната организација за промет и посредување на стоки на големо и мало — „Ново Скопје“ — Скопје. Предмет на работењето на продавницата е продажба на следните производи: лимови, траки, влечена челична жица, челични цевки, лупени и грушени челици, ковани челици (гранка 114), фелкаст стакло, каменштина, брусеви и брусни производи, графитни производи, мелена креда, останати неметали и минерали и преработки (гранка 116) сите производи од (гранката 119), смола и лепила, фирнаес, пасти за чевли, пасти за паркет, пластични маси и производи од пластични маси (гранка 120), лонци, плетива и платна, производи од жица, перфорирани лимени цевки, градежен и столарски оков, садови и сите останати производи од (гранка 117), сурови смеси, гумени технички производи, гумени пресвлаки, гумени цевки, гумени галантериски производи, гумено платно, гумени лепила, опрема за возила и четки.

Раководител на продавницата е Велјановски Благоја.

Продавницата е основана од работната организација за промет и посредување на стоки, на големо и мало — „Ново Скопје“ — Скопје, со одлуката бр. 105/1 од 23. I. 1968 година на работничкиот совет, и решението VI бр. 08-2410/1 од 27. III. 1968 година, на Пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Потпишувањето ќе го врши истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 139/68. (1078)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 8. IV. 1968 година, рег. бр. 11/56, книга II е запишана под фирма: Продавница број 15 во Битола, ул. „Далматинска“ бб, на Погонот трговија с. Тополчани, на Земјоделскиот комбинат „Црна Река“, с. Тополчани, Прилеп. Предмет на работењето на продавницата е продажба на алкохолни и безалкохолни пијалоци, оригинално пакување, разно овошје и зеленчук — свежо и конзервирано, разни зачини, производи на база на шеќер и какао, конзерви од риба, месо и други слични производи.

Раководител на продавницата е Трифуновска Ица.

Продавницата е основана од Земјоделскиот комбинат „Црна Река“ — село Тополчани, со одлуката бр. 100 од 22. III. 1968 година, на работничкиот совет, и решението бр. 03-9583/1 од 6. II. 1968 година, на Пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Потпишувањето на продавницата ќе го врши истото лице што го потпишува и погонот трговија — с. Тополчани, на Земјоделскиот комбинат — „Црна Река“ — с. Тополчани.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 119/68. (1080)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 29. IV. 1968 година, рег. бр. 33/66, книга I е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Стојменов Стојан, директор на Монтажно-инсталатерската задруга „Југомонтажа“ од Битола.

Се овластува за потпишување Вангел Алтипармаковски директор на „Југомонтажа“ — Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 163/68. (1102)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. IV. 1968 година, рег. бр. 29/66/I, книга I е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Ѓорѓи Цицковски, директор на Погонот „Пелагонија“ од Битола, на Индустриско-прехранбениот комбинат „Конзерваекспорт“ од Скопје.

Се овластува Александар Јановски, в. д. директор, покрај досегашните потписници Димитровски Никола и Драги Силјановски, шеф на финансиската струка, да го потпишува погонот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 156/68. (1103)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 23. IV. 1968 година, рег. бр. 14/63, книга I е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Гагич Миодраг, директор на Погонот на Фабриката за шеќер, квасец и шпирт при ЗИК „Пелагонија“ — Битола.

Се овластуваат истите лица што го потпишуваат комбинатот, да го потпишуваат и погонот за шеќер, квасец и шпирт при ЗИК „Пелагонија“ — Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 158/68. (1105)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 13. VI. 1968 година, страна 144, реден број 7 е запишана промената на досегашниот директор на Агрокомбинатот „Малешевска слива“ од Берово, Јордан Полевски. За директор е назначен Бранко Шумански, кој е овластен да го претставува и потпишува истиот.

Промената на директорот е запишана во регистарот врз основа на одлуката бр. 294 од 8. III. 1968 година, на работничкиот совет на Агрокомбинатот.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 106/68. (1481)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 17. IV. 1968 година, страна 173, реден број 1 е запишано основање на Угостителско претпријатие „Југославија“, со седиште во Берово.

Претпријатието ќе ги обавува следните дејности: служење со алкохолни и безалкохолни пијалоци, со топли и ладни јадења и сите видови мезелуци, со секаков вид скара, продажба на сите видови цигари и кибрит, продажба на сите видови производи од шеќер, хотелски услуги и продажба, на големо и мало, на сите видови алкохолни и безалкохолни пијалоци.

В. д. директор на претпријатието е Глигор Џаферовски.

Впишувањето на претпријатието е извршено во регистарот врз основа на одлуката бр. Р. с. 4459/3 од 31. XII. 1967 година, на работничкиот совет на претпријатието, и уверението бр. 02-9/1 од 8. I. 1968 година, на санитарниот инспектор на Собранието на општината Берово.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 15/68. (1582)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 964, страна 1305, книга V е запишана под фирма: Производно-трговско претпријатие „Македонијаспорт“ — Скопје — Продавница во Кавадарци, ул. „ЈНА“ бр. 45. Предмет на работењето на продавницата е продажба на спортски реквизити и туристичка опрема.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Производното трговско претпријатие „Македонијаспорт“ — Скопје, со одлуката бр. 5779 од 27. XII. 1968 година.

Раководител на продавницата е Михов Димитар.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Михов Димитар раководител, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 990 од 22. X. 1968 година. (2095)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 18, страна 143, книга I е запишано следното: Досегашниот директор на Фабриката за завртки и наврткн „Тане Цалевски“ од Кичево, Симјановски Љубомир е разрешен од должност и на истиот му престанува правото за потпишување.

За директор на Фабриката за завртки и навртки — „Тане Цалески“ од Кичево е назначен Павловски Славе, кој истата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Софрониевски Тихомир, раководител на финансискиот сектор, сметано од 28. V. 1968 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 664 од 21. VIII. 1968 година. (1792)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 18, страна 143, книга I е запишано следното: Покрај досегашниот потписник на Фабриката за завртки и навртки „Тане Цалевски“ од Кичево, Симјановски Љубомир, директор, истата во иднина ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето и новоназначените потписници и тоа: Павловски Славе, технички директор и Софрониевски Тихомир, раководител на финансискиот сектор, сметано од 11. IV. 1968 година.

Претпријатието е конституирано на 3. IV. 1968 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 423 од 21. VIII. 1968 година. (1791)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува во регистарот на стопанските организации, на 27. VIII. 1968 година, рег. бр. 25/56, книга II е запишан под фирма: Погон за промет со земјоделско-стопански производи и колонијални стоки, како и услуги и кооперација со индивидуалните производители, со седиште во Крушево, на Земјоделското стопанство „Мише Ефтимов“ — под присилна управа од Крушево.

Предмет на работењето на погонот е промет на разновидна колонијална стока, земјоделско-стопански производи, прибор и алат за земјоделие, промет на брашно, сточна храна, откуп на селскостопански производи, индустриски стоки и производи, промет на млеко и млечни производи, сувомесни и деликатесни производи, шеќерни производи, тестени производи, алкохолни и безалкохолни пијалоци и јајца, откуп на кожи и волна, промет на вештачки ѓубрива и хемиски средства.

Раководител на погонот е Колески Неделко.

Погонот е основан од Земјоделското стопанство „Мише Ефтимов“ од Крушево, со одлуката бр. 01-449/1 од 26. VIII. 1968 година, на присилниот управител, и решението бр. 09-1092/1 од 21. VIII. 1968 година, на Одделението за стопанство на Собранието на општината Крушево.

Потпишувањето ќе го врши лицето што го потпишува и земјоделското стопанство.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 409/68. (1940)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 322, страна 1561, книга I е запишано следното: Текстилната фабрика — Гостивар, со решението бр. 01-3808 од 26. VI. 1967 година, на Собранието на општината Гостивар се става под присилна управа.

Со споменатото решение се разрешува од должност досегашниот директор на истата.

Со решението бр. 01-5557/1 од 1. IX. 1967 година, на Собранието на општината Гостивар, за присилен управник е назначен Дуцевски Ѓоре, кој Фабриката под присилна управа ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 2. X. 1967 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 977 од 2. X. 1967 година. (216)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1156, страна 809, книга V, е запишано под фирма: „Југоградба“ — монтажно градежно набавно-продажно претпријатие, на големо и мало — Скопје, ул. „706“ бр. 4а. Предмет на работењето на претпријатието е воведување инсталации за водовод, гасни постројки и канализација, електроинсталација, поставување, поправање и одржување на електричните инсталации за осветлување и греење и сите други работи во врска со електроинсталацијата на градежни објекти; да може да врши промет и посредување во прометот со сите земјоделски производи, крупна и ситна стока, сите видови електро-материјали, сите видови водоводни материјали и градежни материјали, сите видови возила, земјоделски машини и резервни делови.

Претпријатието е основано од Задружнист совет на „Југоградба“ — монтажна градежна занаетчиска задруга — Скопје, со одлуката од одржаната седница на 5. XII. 1967 година, со прераснување на задругата во претпријатие.

Претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Петровски Тодор, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Претпријатието е конституирано на 5. XII. 1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1282 од 22. XII. 1967 година. (461)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 937, страна 487, книга IV, е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните „Југоградба“ — монтажно-градежната занаетчиска задруга — Скопје, бидејќи со одлуката на задружниот совет од одржаната седница на 5. XII. 1967 година прерасна во претпријатие под име: „Југоградба“ — монтажно градежно набавно-продажно претпријатие, на големо и мало — Скопје

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1281 од 22 XII. 1967 година. (397)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 937, страна 487, книга IV, е запишано следното: Дејноста на „Југоградба“ — монтажно-градежната задруга — Скопје, согласно со одлуката на Управниот одбор и елаборатот за економска оправданост се проширува и со: промет и посредување во прометот со сите земјоделски призводи, крупна и ситна стока, сите видови електроматеријали, сите видови водоводни материјали и градежни материјали, сите видови возила, земјоделски машини и резервни делови.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1183 од 19. XII. 1967 година. (396)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1112, страна 587, книга V, запишано следното: Дејноста на Претпријатието за електроводовод и инсталација „Електроводомонт“ — Скопје, согласно со одлуката бр. 44 од 27. XI. 1967 година на работничкиот совет и елаборатот за економска оправданост се проширува и со: посредување во прометот на индустриски стоки, земјоделски производи, механизација за употреба во земјоделието, градежништвото, огревни материјали, репроматеријали за индустријата, сите видови на моторни возила и делови за моторни возила, производи од прехранбената индустрија, сувомесни производи, жива стока и кожа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1208 од 22. XII. 1967 година. (395)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 482, страна 1348, книга I е запишано следното: На досегашните потписници на Занаетчиското шивачко претпријатие „Солидарност“ — Скопје и тоа: Ѓуро Наумовски, в. д. директор, и Николовски Ѓорѓи Лазар, им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност.

За нов потписник на Занаетчиското шивачко претпријатието „Солидарност“ — Скопје е назначен Тодор Танчевски, в. д. директор.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 973/67 од 16. I. 1968 година. (307)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1152, страна 793, книга V е запишано под фирма: Трговско претпријатие на големо и мало „Вардар-комерц“ — Скопје, ул. „Романија“ 66. Предмет на работењето на претпријатието е посредување со мешани индустриски стоки, прехранбени артикли, земјоделски производи, огревно дрво и сечена граѓа, промет на големо и мало со мешани индустриски стоки.

Претпријатието е основано од основачите — група граѓани, на основачкото собрание, одржано на 9. XI. 1967 година и тоа: Велковски Раде, Николовски Трајко, Јосифовски Трајко, Милошевски Филип, Бошевски Петар, Николовска Вера, Галева Димитрула, Тодорова Фора, Димовски Илија и Димовски Благоја.

Претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Велковски Раде, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Претпријатието е конституирано на 9. XI. 1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1163 од 19. XII. 1967 година. (202)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните. рег. бр. 1146, страна 753, книга V, е запишано под фирма: Облик“ — завод за економска пропаганда, публицитет и обликување — Белград — Дирекција за филијалите — Скопје, ул. „Гоце Делчев“ бр. 25. Предмет на работењето на дирекцијата е склучување на договори во име и за сметка на Заводот „Облик“ — Белград, во чиј состав е работната единица, од следниот делокруг: декоративна уметност и тоа: декоративна архитектура, декоративно сликарство, применета фотографија, уметничко обликување и организација.

Дирекцијата за филијалите е основана од работничкиот совет на „Облик“ — Белград, со одлуката бр. 513 од 9. X. 1967 година.

Дирекцијата за филијалите во Скопје ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Никола Радиќ, директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1153 од 22. XI. 1967 година. (197)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 9. VIII. 1968 година, рег. бр. 16/68, книга II, е запишан под фирма: Самостоен погон за производство и обработка на тутун — Струга, на „Југотутун“ — здружено претпријатие за производство, обработка и преработка на тутун и промет — Скопје. Предмет на работењето на самостојниот погон е производство, преземање и обработка на тутун.

Раководител на самостојниот погон е инженер Михајло Шулевски.

Самостојниот погон во Струга е основан со оделувањето на погонот од Тутуновиот комбинат „Благој Деспотовски — Шовељ“ — Скопје и со припојување на истиот кон „Југо-тутун“ од Скопје, со одлуките број 03-417/125 од 6. II. 1968 и број 252 од 7. II. 1968 година на работничките совети.

Самостојниот погон ќе го потпишуваат инженерот Михајло Шулевски, директор, Петар Милев и Коста Карамачоски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 375/68. (1953)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. VIII. 1968 година, рег. бр. 5/56, книга II, е запишано следното: Се проширува дејноста на Трговското претпријатие „Народен магазин“ од Прилеп, уште со: продажба на секаков вид градежен материјал, режана граѓа, како и домашни ракотворби и работа на Сиц.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 974/2 од 24. V. 1968 година на работничкиот совет на Трговското претпријатие „Народен магазин“ од Прилеп и уверението за техничка опременост на инспекторот на труд и пазарниот инспектор на Собранието на општината Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 386/68. (1970)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. VIII. 1968 година, рег. бр. 25/55, книга I, е запишано следното: Се симнува присилната управа на Производната земјоделска задруга „Црвена ѕвезда“, село Кутретино.

За директор на задругата е именуван Јовановски Дончо.

Се овластуваат лицата: Јовановски Донче, директор, и Бошески Трајко, шеф на сметководството, да ја потпишуваат Производната земјоделска задруга „Црвена ѕвезда“ од село Кутретино.

Овие промени се извршени врз основа на решението бр. 02-1302/1 од 10. VI. 1968 година на Собранието на општината Демир Хисар и одлуката бр. 210 од 7. VIII. 1968 година на задружниот совет на задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 402/68. (1976)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 27. VIII. 1968 година, рег. бр. 2/65, книга II е запишано следното: Му престанува овластувањето за

